**Известување за концентрација со која ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДОО Италија ќе стекнат контрола над делови од имотот на ЛЕВИ ШТРАУС & цо ЈУРОП, Белгија и ЛЕВИ СТРАУСС ДЕ ЕСПАЊА, С.А., Шпанија (предмет бр. 08-170/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 26.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, со седиште на Виа Делл'Агрицолтура 51, КАРПИ (МО) КАП 41012, Италија ќе стекне контрола над делови од имот и делови од деловни активности на: ЛЕВИ ШТРАУС & цо ЈУРОП (LEVI STRAUSS & co EUROPE), со седиште на Плоштад Бастион 1А, 1050 Иксел, Белгија и на ЛЕВИ СТРАУСС ДЕ ЕСПАЊА, С.А. (LEVI STRAUSS de Espana S.A.), со седиште на АВ Диагнонал, 561-565 Р.3, Барселона 08029, Шпанија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, е со предмет на работење: производство, продажба и трговија на сите видови на производи за широка потрошувачка, вклучувајќи, без исклучок, облека и додатоци, спортски артикли и опрема, обувки , и истото е во 100% сопственост на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска,. ОРБИКО ДОО за трговија Загреб е со предмет на работење: трговија и истотот е присутно во Република Северна Македонија преку:

-Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Кисела Вода - Скопје, Република Северна Македонија, со предмет на работење - приоритетна дејност: 46.900 - неспецијализирана трговија на големо.

Трансакцијата се однесува на стекнување на целосна контрола над одредени делови од имот и одредени делови од деловни активности на: ЛЕВИ ШТРАУС & цо ЈУРОП со предмет на работење - приоритетна дејност: трговија на големо со облека, освен работни униформи и долна облека и на ЛЕВИ СТРАУСС ДЕ ЕСПАЊА, С.А., со предмет на работење - приоритетна дејност: производство на друга облека и модни додатоци.

Друштвата над чиј дел од имот се стекнува контрола немаат корпоративно присуство во Република Северна Македонија и не остваруваат приходи на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

28.11.2025 година
Скопје